**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-109/2**
**Скопје, 20.01.2006 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА „ПЛАСНИЦА „**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на Општина Пласница за 2004 година, кои се прикажани на страните од 9 до 11.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Општина Пласница за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Исмаил Јаоски, Градоначалник на општина Пласница, за периодот од 01.01.2004 до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 8 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 03.10 до 07.10.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова - Помошник ГДР и овластен државен ревизор;
- Петре Гаврилов - Виш ревизор;
- Лила Зафировска - Ревизор;
- Стојан Николовски - Помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

______________________

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на актите**

10.1.1. Општина Пласница во својата евиденција го нема евидентирано имотот добиен согласно Решението на Влада на РМ бр. 23-257/75 од 08.02.2000 година за пренесување на правото на сопственост по делбен биланс помеѓу Република Македонија и новоформираните општини поради не ажурност на надлежните служби. Исто така нема обезбедено имотни листи за имотот со кој раполага од Републичката геодетска управа. Поради тоа искажаната состојба на материјалните средства на 31.12.2004 година не ја претставува реалната состојба на имотот на општината.
**Препорака:**
На основа решението и имотните листи кои треба да ги обезбедат од републичката геодетска управа, надлежните служби да извршат евидентирање на материјалните средства кои се сопственост на општина Пласница.

**10.2.Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. Во врска со благајничкото работење постапувано е спротивно на Законот за платен промет и одредбите за благајничко работење и констатирани се следните неправилности:

- Општина Пласница нема донесено Одлука за одредување на благајнички максимум за 2004 година;

- При увидот во благајничкото работење, ревизијата констатира дека не се изготвувале редовно касови извештаи, со кои би се евидентирал прометот и промените во состојбата на балгајната. Во работењето на благајната не се користел образецот „каса исплати" со кој би се регулирала секоја исплата на средства во готово од благајната;

- Со ревизијата се констатира дека при плаќање во готово, за трошоци по различни основи, за вкупен износ од 100 илјади денари не се приложени фискални сметки , со кои би се оправдал настанатиот трошок;

- При исплата на парични средства од благајната за дневници и трошоци за патување во земјата по патни налози, не е користен образецот “каса исплати” со кој би се потврдил дека лицето кое патува ги примило средствата. При тоа, не се води евиденција на издадените аванси за патување во земјата, со што се создаваат услови за времено финансирање на луѓето што патуваат.

Предходното доведува до нереално искажување на паричните средства во благајната и можни злоупотреби.

**Препорака:**

- Да се донесе акт за регулирање на благајничкото работење;
- Надлежниот орган да донесе одлука за утврдување на касовиот максимум до кои износ може да се чуваат парични средства во касата, согласно член 7а од Законот за изменување и дополнување на Законот за платен промет;
- Редовно со секоја промена на благајната да се изготвуваат благајнички извештаи;
- При плаќање во готово задолжително во прилог на документацијата да има приложено фискална сметка.

10.2.2. За материјалите и ситниот инвентар нема утврдено конзистентна сметководствена политика, за евидентирање на залихите на материјали, резервни делови и ситен инвентар и нивен отпис при ставање во употреба, која треба да се применува во целиот пресметковен период спротивно на Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Општината нема организиран простор (магацин) за прием на залихите, особено на материјалите за улично осветлување. Причината за неевидентирање на набавката и потрошокот на материјалите и ситниот инвентар се должи на една подолго применувана пракса која е спротивна со сметководствените принципи и која доведува да се нема увид во состојбата на залихите на материјали и ситен инвентар.

**Препорака:**

- Да се применуваат сметководствените принципи и начела, за евидентирањето на набавката и давањето во употреба на ситениот инвентар ;
- набавката на материјали треба да се регулира со Општ акт со кој:
    - а) ќе се утврди потребата за набавка;
    - б) ќе се регулира приемот со потврда за прием, која ќе биде потпишана и заверена од страна на одговорно лице;
    - в) ќе се обезбеди простор за прием на залихите;
    - г) ќе се евидентира трошењето на материјалите со издатница/требовање.

10.2.3. Општината Пласница има и располага со материјални средства како што се улици, патишта, водоводи и други објекти кои во книговодството на општината не се евидентирани на соодветните сметки пропишани со Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Во текот на 2004 година, на објект тампонирање на пат, има направено расходи во вкупен износ од 1.620 илјади денари кои не се разграничени и соодветно евидентирани како зголемување на вредноста на истите и истовремено зголемување на Државниот- јавен капитал. Ваквото постапување, во делот на неевидентирањето на локалните патишта и улици, е спротивно и на одредбите од членот 67 од Законот за јавни патишта (Сл.весник на РМ бр, 26/96……29/02).

Во Општина Пласница нема воведено евиденција на споменатите објекти, истото е резултат на една подолго применувана пракса. Нереалното искажување на



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

материјалните средства не дава права слика за состојбата на средствата и изворите во општината.

**Препорака:**

- Да се преземат мерки и активности за евидентирање на локалните патишта и улици кои припаѓаат на општината Пласница, и
- Да се воведе пракса за евидентирање на капиталните расходи на соодветните конта за материјаните и нематеријалните средства и Државниот- јавен капитал.

10.2.4. Не се води евиденција за матријалните средства во подготовка. За капиталните расходи кои значат инвестиции во тек по основ на изградба, реновирање и друг вид на вложување правниот субјект не води евиденција на позицијата Матријални средства во подготовка, што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Поради тоа оневозможено е да се следи вложувањето во одреден објект соодветно на тоа и да се евидентира зголемување на набавната вредност и деловниот фонд, при давање на истите во употреба.

**Препорака:**

Вложувањата во материјалните средства да се евидентираат на ставките за инвестиции во тек – градежни објекти, опрема и друго и по активирањето да се евидентираат од овие ставки на ставките за Материјални средства во употреба и истовремено да се изврши зголемување на Деловниот фонд.

**10.3.Неправилности во искажување на расходите/приходите**

10.3.1 Ставката - Изградба, реновирање и унапредување е потценета за 1,620 илјади денари и за истиот износ е потценета ставката приходи по основ на трансфери од буџетот до органот, за неевидентирана цесија за плаќање на дел од завршна ситуација од ноември 2004 година за објект Правење пристапен пат с.Дворци с.Лисичани, (тампонирање на пат и регулација на изворот Питран во атар на с.Дворци), спротивно на одредбите на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Непочитувањето на зконската регулатива во областа на сметководствената евиденција допринесува до нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

Надлежните органи редовно да вршат евидентирање на плаќањата извршени со цесии и други форми на плаќање.

**10.4.Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојбата**

10.4.1. Позицијата Материјални средства и Извори на капитални средствата е потценета за износ од 1.620 илјади денари за направените капитални расходи во 2004 година за извршените вложувања тампонирање на пат и регулација на изворот Питран во атар на с.Дворци, а не евидентирани и како зголемување на состојбата на материјалните средства и зголемување на вредноста на Државниот – јавен капитал. Согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници, за истите правниот субјект бил должен да изврши соодветно разграничување и да спроведе книжење со кое ќе искаже зголемување на вредноста на Материјалните и нематеријалните средства и зголемување на Државниот-јавен капитал.

**Препорака:**

Да се воведе пракса за целосно разграничување и евидентирање на капиталните расходи на соодветите сметки за материјални и нематеријални средства и државен јавен капитал.

## 10.5.Ненаменско и незаконско користење на средства

10.5.1. Поради неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки утврдени се следните наоди:

- Не е спроведена соодветна постапка за јавни набавки во вредност од 400 илјади денари (Прилог бр. 1).
- Не е донесен интерен акт – Правилник за регулирање на начинот и постапката на набавките од мала вредност, и
- Не се води посебна евиденција за малите набавки.

Неспроведување на постапките за јавни набавки создаваат можност за фаворизирање на одредени добавувачи, го анулира принципот на јавност и транспарентност и доведува до можни набавки по зголемени цени.

**Препорака:**

- Да се обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти во зависност од видот и вредноста на набавката, а особено:
- Општината до крајот на јануари од тековната година да донесе план за вкупните потреби за набавки во тековната година по видови на производи (стоки), услуги и работи, со кој се определува и динамиката за реализација на набавките и постапката за јавна набавка која ќе се користи;
- Општината да донесе интерен акт за регулирање на начините на набавките од мала вредност.

11. Вкупниот ефект од наодите во точка 10.4. е потценување на билансните позиции во Билансот на состојбата за 2004 година во вкупен износ од за 1.620 илјади денари.

12.Според наше мислење, освен изнесеното во точката 10.3. до 10.4., финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Органот на општина Пласница на 31 Декември 2004 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 10.3. и 10.5. кај сметката на Органот на општина Пласница е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

14. Обрнуваме внимание во овој извештај, дека општина Пласница е тужена странка по судски спор за надомест на долг во износ од 9.569 илјади денари од доверителот ДОО „ Електрометал „ Тетово.
Конечна разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на општина Пласница за годината која завршува со 31 Декември 2004 година.

15. Сметаме дека е потребно да ги обелодениме состојбите околу изградбата на објектот водовод и фекална канализација за населените места Пласница и Преглово која е започната од 2000 година.

- Фондот за локални патишта, улици и комунално уредување на општина Пласница застапуван од градоначалникот Исмаил Јаоски како овластен потписник на фондот, врз основа на членот 58 од Статутот на општина Пласница, а во врска со членот 7 од Законот за јавни набавки (Сл. весник на РМ бр.26/98) има донесено Одлука бр.08-66 од 10.07.2000 година за прибирање на понуди за изградба на водоводна мрежа и фекална канализација во селата Пласница и Преглово без во истата да ја утврди вредноста на набавката и изворот на средствата за реализација на набавката.

Комисијата за јавни набавки ги разгледала понудите и утврдила дека како најповолна е понудата на понудувачот „Градежник „ ДООЕЛ од Македонски Брод, со кој е склучен е договор со број 07-59/1 од 09.08.2000 со договорена вредност 27.173 илјади денари за изградба на канализациона и водоводна мрежа за Пласница и Преглово.

На 25.04.2001 година помеѓу „Градежник „ Македонски Брод и „Гема Пласт-КМ„ Гевгелија, како подизведувач, склучен е договор за подизведување за изградба на водоснабдителна мрежа во населено место Пласница и Преглово, заведен под број 07-17/1 од 25.04.2001 година. Предмет на договорот е изработка, транспорт и монтажа на водоводни цевки, спојни и приклучни водоводни елементи, вентили и слично определени во предмерот и пресметката, спрема главниот проект од проектанската организација „Перкан-проект„ Прилеп. Вредноста на работите договорени со овој договор се во висина на 14.152 илјади денари. Договорот е потпишан од страна на подизведувачот и изведувачот но не и од страна на градоначалникот на општина Пласница, како согласен за договорот.

„Гема Пласт-КМ„ ДООЕЛ Гевгелија како подизведувач има испоставено прва времена ситуација за работи заклучно со 20.10.2000 година иако договорот за подизведувач е склучен во 2001 година, на вкупен износ од 3.581 илјада денари, која нема потпис од надзор и потпис за одобрување на исплатата, нема градежна книга и втора времена ситуација заведена кај  подизведувачот под бр.03-202 од 27.06.2001 година за работи заклучно со месец мај 2001 година за водоснабдување на с.Пласница на вкупен износ од 5.764 илјади денари со ДДВ од кои по претходна ситуација се наплатени 2.675 илјади денари и останува за наплата износ од 3.089 илјади денари, нема прилог градежна книга што е спротивно на одредбите од член 26 од Законот за изградба на инвестициони објекти (Сл. Весник бр. 15/90..... 15/99).

Со допис-известие бр.03-23/1 од 01.06.2001 година „Градежник „ ДООЕЛ Македонски Брод го известил „Гема Пласт-КМ„ ДООЕЛ Гевгелија дека претходно склучениот договор за подизведувачки работи го раскинува наведувајќи како причина дека повеќето од работите биле изведени во 2000 година (уградени полиетиленски црева) без нивно присуство, а исто така и во периодот на месец мај 2001 година биле уградени фазонски парчиња без присуство на изведувачот, а за дел од извршените работи во 2000 година подизведувачот имал наплатено одредена сума на пари. Поради сите тие причини, а и поради притисоци од месната заедница дека водоводот не се гради по договорени етапи, „Градежник „ДООЕЛ Македонски Брод се откажува од носител на изведување на работите, а воедно го раскинуваат и договорот со „Гема Пласт-КМ„ ДООЕЛ Гевгелија како подизведувач.

- На 12.06.2001 година од страна на инвеститорот Фондот за локални патишта, улици и комунално уредување на општина Пласница донесено е решение и склучен е договор со вториот поповолен понудувач ДГПТТ „ АНЧЕ„ с.Пласница цената е договорена на износ од 82.226 илјади денари, рок на отпочнување на работите по потпишување на договорот, спротивно на Законот за јавни набавки (Сл. Весник на РМ бр.26/98 и 50/01) не е спроведена постапка за јавна набавка за избор на нов изведувач по настанатата промена на состојбата.

  Ова е извршено на основа извештај на комисијата за јавни набавки бр. 03-38/1 од 12.06.2001 година, поднесен врз база на известување на Фондот за локални патишта, улици и комунално уредување на општина Пласница до Комисијата за јавни набавки за тоа дека договорот со „Градежник „ ДООЕЛ Македонски Брод е раскинат, поради што бара да биде доставен предлог за избор на најповолен понудувач од преостанатите понудувачи.

  Спротивно на Законот за изградба на инвестициони објекти не е изготвен Записник составен со изведувачот, инвеститорот и надзорот при прекинот на

договорот за градба со цел да се направе пресек на дотогаш изграденото и платеното како и записници за воведување на новиот изведувач во работа.
Надзорот е доверен на Друштвото за градежништво, трговија и проектирање „Перкан Проект„ ДООЕЛ Прилеп со кои е склучен договор за вршење на стручен надзор за изградба на водоводна мрежа во с. Пласница и с. Преглово број 08-40 од 18.06.01.
Со договорот помеѓу другото е договорено дека паричниот надоместок за извршените услуги на извршителот да изнесуваат 1% плус ДДВ од доставените ситуации и дека истиот ќе му го исплати Друштвото за градежништво, производство, транспорт и трговија „АНЧЕ„ с.Пласница.

Во врска со договорот од страна на изведувачот „АНЧЕ„ ДООЕЛ испоставени се ситуации за извршени работи во вкупен износ од 7.001 иљјади денари со ДДВ и тоа втора и трета ситуација за извршени работи за јули и август 2002 година на водоводна мрежа во с.Пласница на вкупен износ од 3.791 иљјада денари и втора и трета ситуација за извршени работи за јули и август 2002 година на водоводна мрежа во с.Преглово на вкупен износ од 3.211 иљјади денари.
Овие ситуации како и плаќањата по истите спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници не се евидентирани во сметководствената евиденција на Општина Пласница, ниту се наоѓаат во сметководствената документација на Општина Пласница.
Ситуациите се добиени, по барање на Државниот завод за ревизија, од Министерството за транспорт и врски Скопје кое за истите има одобрено и реализирано парични средства од 6.000 иљјади денари кои се дозначени на сметката на изведувачот „АНЧЕ„ ДООЕЛ с.Пласница, од кои 3.000 иљјади денари на 14.08.2002 година и 3.000 иљјади денари на 23.10.2002 година.

- На 15.02.2003 година склучен е договор за подизведување за изградба на водоснабдителна мрежа и фекална канализација во населено место Пласница и Преглово, на износ од 74.226 иљјади денари, помеѓу „АНЧЕ„ ДООЕЛ с.Пласница и ДГПТП „Евро-Анче„ с. Пласница.
  Во врска со овој договор од страна на подизведувачот ДГПТП „Евро-Анче„ испоставени се ситуации за извршени работи во вкупен износ од 4.509 иљјади денари и тоа ситуација бр.02/03 за извршени работи до 01.08.2003 година на износ 1.519 иљјади денари со вклучен ДДВ и ситуација бр. 02/03 за извршени работи до 01.09.2003 година на износ 2.990 иљјади денари со вклучен ДДВ кои се оверени од инвеститорот, изведувачот и надзорниот орган. За истите има одобрено и реализирано парични средства од Бирото за недоволно развиени подрачја во износ од 2.990 иљјади денари по договор за цесија и 1.500 иљјади денари од Министерството за транспорт и врски Скопје.
  Овие ситуации како и плаќањата по истите спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници не се евидентирани во сметководствената евиденција на Општина Пласница ниту пак ги има во сметководствената документација на Општина Пласница.

- На 12.07.2004 година склучен е Анекс договор број 1 кон основниот Договор број 08-39 од 13.06.2001 година за изградба на водоводна мрежа и фекална канализација во с. Пласница помеѓу Фондот за локални патишта, улици и комунално уредување на општина Пласница претставуван од Исмаил Јаоски и ДГПТП „Евро-Анче„ Експорт-Импорт с.Пласница претставувано од страна на Авнија Рамески, определен со договор за подизведување. Предмет на овој Анекс договор е изградба на дел од селската водоводна мрежа во с.Пласница согласно инвестиционо-техничката документација главен проект изработен од

ДООЕЛ „Перкан-Проект„ од Прилеп, а по позиции од приложената пресметка која е составен дел на овој анекс договор.Цената изнесува 3.000 илјади денари.

ДГПТП „Евро-Анче„ експорт-импорт с.Пласница како подизведувач има испоставено прва времена ситуација бр.01/04 заведена кај инвеститорот под број 08-44/1 од 14.09.2004 година, за извршени работи од 01.07.2004 до 31.08.2004 година за објект водоводна мрежа - Пласница на вкупен износ од 1.868 илјади денари и втора времена - завршна ситуација бр. 02/04 заведена кај инвеститорот под број 08-53/3 од 16.11.2004 година, за извршени работи од 01.07.2004 до 15.11.2004 година за објект водоводна мрежа - Пласница на вкупен износ од 3.011 илјади денари, во прилог на ситуациите приложени се градежен дневник и градежна книга.

Исплатата по овии ситуации е извршена од страна на Бирото за стопански недоволно развиени подрачја – Скопје по договор за цесија со општина Пласница и ДГПТУ „ Евро Анче „ едниот на износ од 1.868 илјади денари и другиот на износ 1.132 илјади денари.

Во книговодствената евиденција на општина Пласница овие договори се книжени со налог за книжење бр. 6 за период од 01.03. до 31.03.2005 година.

Испоставените ситуации за објектот водоводна мрежа во с.Пласница и с.Преглово се на вкупен износ од 20.285 илјади денари од кои 5.764 илјади денари од „Гема Пласт-КМ„ Гевгелија, 7.001 илјади денари на „Анче„ и 7.519 денари на ДГПТП „Евро-Анче„ експорт-импорт с.Пласница а средствата се обезбедени од Министерство за транспорт и врски во износ од 7.500 илјади денари и 5.980 илјади денари од Бирото за стопански неразвиени подрачја и од општина Пласница.

- Спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници, во сметководствената евиденција на општина Пласница не се води евиденција за инвестицијата во тек иако инвеститор е општина Пласница. Поради тоа оневозможено е да се следи вложувањето во објектот соодветно на тоа и да се евидентира зголемување на набавната вредност и деловниот фонд, при давање на истиот во употреба.

**Скопје, 16.01. 2006 година** **Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**Општина ПЛАСНИЦА Орган**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004 година**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.3.1. | 1,971 | 1,035 |
| **Вкупно приходи** | | **1,971** | **1,035** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.1. | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.1.1. | 989 | 802 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2. | 723 | 214 |
| Тековни трансфери | 3.1.3. | 12 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **1,724** | **1,016** |
| **Капитални расходи** | 3.2. | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 247 | 19 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **247** | **19** |
| **Вкупно расходи** | | **1,971** | **1,035** |

**Општина ПЛАСНИЦА - Орган**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2004**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 66 | 110 |
| **Вкупно тековни средства** | | **66** | **110** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 398 | 600 |
| **Вкупно постојани средства** | | **398** | **600** |
| **Вкупна актива** | | **464** | **710** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 20 | 66 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 46 | 43 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **66** | **110** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 398 | 600 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **398** | **600** |
| **Вкупна пасива** | | **464** | **710** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **600** | **-** | **600** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Набавки | - | - | **-** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | - | - | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | - | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **202** | **-** | **202** |
| Отпис на капитални средства | | - | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | - | **-** |
| Амортизација | 202 | - | **202** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **398** | **-** | **398** |


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*

## ПРИЛОГ БРОЈ 1
**Спротивно на член 72 од Законот за јавни набавки**

Во 000 денари

| Р.бр | Предмет на набавка | Добавувач | Износ | документи | забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Материјали за улично осветлување | „Цветком Пром„ | 49 | Фактури | Нема спроведено постапка |
| 2 | Одржување на локален пат | ДПТУ„Евроанче„ | 105 | Ситуации | Нема спроведено постапка |
| 3 | Изработка на техничка документација | „Перкан Проект„ | 127 | фактура | Нема спроведено постапка не се прибрани ни три понуди |
| 4 | Градежни услуги | ДПТУ„Евроанче„Пласница | 119 | ситуации | Нема спроведено постапка |
| | **Вкупно** | | **400** | | |


*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*